## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „СКРИПТА ПО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР” ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ТАЊА АНГЕЛКОВА-ПЕТКОВА, ДОЦ. Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ И ДОЦ. Д-Р НИКОЛА ЦУЦУЛЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-293/14 од 13.6.2016 година, од 154. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 13.6.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Елизабета Митрева, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Нако Ташков, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Никола Димитров, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис на скриптата „**Истражување на туристичкиот пазар**” од авторите доц. д-р Дејан Методијески, доц. д-р Тања Ангелкова-Петкова и доц. д-р Никола Цуцулески, насловен доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Оваа скрипта е од областа на туризмот и угостителството. Скриптата се состои од 8 поглавја, што е во согласност со Наставниот план и програмата на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Овој изборен предмет се изучува во третиот семестар во втора година, носи четири кредити и има фонд на часови 2+1+1. Скрипта можат да ја користат сите студенти на останатите факултети каде што се изучува предметот Истражување на туристичкиот пазар, но и останатите стручни кадри кои ја проучуваат оваа проблематика. Истата е изготвена со цел да се унапреди наставата по предметот Истражување на туристичкиот пазар и да се подобри квалитетот на знаењето на студентите.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот има вкупно 145 страници и е предаден за рецензија, во А4 формат. Обемот на ракописот на скриптата „Истражување на туристичкиот пазар” по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот на скриптата „Истражување на туристичкиот пазар” опфаќа 8 поглавја во кои се опфатени основните сознанија за туристичкиот пазар, сегментацијата на пазарот и нејзините есенцијалности, видовите истражувања на пазарот, извори на податоци, основните методи за собирање на податоци, суштината на формите за собирање податоци, како и основните поимања на истражувањето на меѓународниот пазар.

Во првата глава е опфатен материјалот кој се однесува на суштината и основните карактеристики на туристичкиот пазар, критериумите за класификација и неговата структура. Исто така, објаснети се карактеристиките на туристичката побарувачка и понуда.

Во втората глава се обработува материјалот поврзан со поделбата и видовите сегментацијата на пазарот. Во оваа глава се опфатени димензиите на туристичкиот пазар во светот и во Република Македонија.

Во третата глава се разгледува истражувањето на туристичкиот пазар преку: поимот и историскиот развој на истражувањата на пазарот, процесот на истражување на пазарот и постапките во тој процес.

Четвртата глава е посветена на видовите истражувања на туристичкиот пазар, со осврт на експлораторното, дескриптивното и каузалното истражување.

Петтата глава го содржи материјалот поврзан со дефинирањето на податоците и видовите извори на податоци. Обработени се примарните и секундарните извори на податоци и интернетот како извор на податоци.

Во шестата глава се обработуваат методите за собирање на податоци - методот на набљудување и методот на испитување.

Седмата глава е посветена на формите за собирање на податоци, анкетниот прашалник, неговата содржина и видови.

Во последната глава е опфатен материјалот кој се однесува на истражувањето на меѓународниот туристичкиот пазар, како: истражување на имиџот на туристичката дестинација, истражување на пазарот за потребите на угостителството, сообраќајните претпријатија, туристичките агенции и пазарот на саемите за туризам.

На крајот од ракописот се дадени користената литература и интернет страниците, каде што се наведени сите наслови цитирани во материјалот, предмет на оваа скрипта.

**ЗАКЛУЧОК**

Според гореизнесеното, рецензентите констатираа дека поднесениот ракопис за скриптата „Истражување на туристичкиот пазар" од авторите доц. д-р Дејан Методијески, доц. д-р Тања Ангелкова-Петкова и доц. д-р Никола Цуцулески опфаќа научни, стручни и наставни содржини според наставната програма за овој предмет. Материјалот е квалитетно обработен и систематизиран, а ракописот е напишан на јасно разбирлив стил и на ниво достапно и разбирливо за студентите.

Скриптата ќе придонесе студентите на поедноставен начин да ја совладаат оваа значајна материја од областа на туризмот, која е целосно во согласност со наставната програма на соодветната дисциплина што се слуша во втора година на насоките Гастрономија, исхрана и диететика и Туризам.

Со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати позитивно рецензираниот ракопис за скриптата „Истражување на туристичкиот пазар" од авторите доц. д-р Дејан Методијески, доц. д-р Тања Ангелкова-Петкова и доц. д-р Никола Цуцулески како основна скрипта и да одобри негово користење според Правилникот за издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Елизабета Митрева, с.р.**
**Проф. д-р Нако Ташков, с.р.**
**Проф. д-р Никола Димитров, с.р.**